# ГРАФОМЕТРИКС

Година 2, Број 2

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- Индексот за родовиот јаз во светот, пресметан од Светскот Економски Форум, ја рангира Македонија на 57-мо место од 136 земји во светот. Според критериумите, јазот помеѓу родовите кај нас е најголем во здравството и образованието.
- Македонија е рангирана на 87-мо место од 124 земји според Индексот за енергетска ефикасност, пресметан од Светскиот Економски Форум. Она што загрижува е компонентата за одржливост на животната средина, според која земјата е рангирана на 105-то место, или во последните 20 земји. Од земјите од регионот, само Босна и Херцеговина е полошо рангирана од нас.
- Како земја со највисока стапка на невработеност во 2012 година, анализата на СНН ја рангира Македонија за четврта најлоша економија во светот.
- Според податоците на Државниот завод за статистика:
    - Индустриското производство во јануари бележи пораст од 6,4% во споредба со истиот месец лани.
    - Трошоците на живот во февруари бележат пораст од 0,6%, а цените на мало пораст од 0,4% во споредба со истиот месец лани.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

### Нашата Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

### Нашата Мисија

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Железничка 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графикони на месецот за Македонија

**Причини поради кои не бараат работа**




*Извор: Анкета за работна сила - Завод за Статистика на РМ; пресметка на Finance Think*

43,5% од вкупното работоспособно население во Македонија е неактивно на пазарот на труд во 2012 година. Неактивноста кај жените е доминантна и тие учествуваат со 64% во вкупното неактивно население. Пензионирањето, школувањето и други лични или семејни причини се најзастапени причини за небарањето работа.

**Учество на мажите и жените во причините за неактивност на пазарот на труд во Македонија во 2012 година**




*Извор: Анкета за работна сила - Завод за Статистика на РМ; пресметка на Finance Think*

Повеќе од 95% од испитанците кои како причина за небарање работа ги навеле семејните обрски како: грижата за деца, грижа за неспособни лица од семејството и други семејни причини, се жени.

# Графикони на месецот за регионот




Економската активност во Централна, Источна и Југоисточна Европа (CESEE) конечно почна да стекнува позитивни импулси во вториот квартал од 2013 година, по подолг период на слабост. Просечниот економски раст во регионот изнесуваше 0,2% во првиот и 0,4% во вториот квартал од 2013 година.




Според истражувањето на McKinsey Светскиот Институт за Анализи, во земјите од Централна и Источна Европа може да се обликува нов модел на раст кој ќе ги врати стапките на економски раст од пред кризата. Овој модел има три главни компоненти: проширување и надградба на извозот, зголемување на продуктивноста и заживување на странските директни инвестиции, додека економскиот развој во поголема мера да биде финансиран преку повисокото домашно штедење.

# Графикони на месецот за светот




Европа ја губи трката во високите технологии со Америка и Азија. Само 17 проценти од учениците во ЕУ изучуваат инженерство, математика и компјутерски науки, во споредба со 29 проценти во Јужна Кореја и 31 проценти во Кина и Тајван. Исто така, Европа инвестира речиси еден процентен поен помалку од бруто домашниот производ во истражување и развој од САД и 1,5 процентни поени помалку од Јапонија.




Економиите на Бразил, Индија, Индонезија, Јужна Африка и Турција се идентификувани како особено ранливи на ефектите од масивната програма за монетарен стимул на Федералните резерви на САД. Ова делумно се должи на нивните големи дефицити на тековната сметка.

# Инфографикон на месецот




Според најновото ПИСА истражување, Програмата за меѓународно оценување на учениците, водено од ОЕЦД, учениците на азиските индустриски земји имаат највисок перформанс и се пред европските и американските ученици во 2012 година.